СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Дванаесеттото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 декември1993 година

Скопје, декември 1993 година

**12 ( ДВАНАЕСЕТТО ) ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 68-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДЖАНА НА 9.XII.1993 ГОДИНА**

продолжува за

Д.р. Предлог за донесување на закон за рехабилитација и др.права на лицата прогонувани, затварани и осудувани за идеите на самобитноста на мак.народ и негов.држ.за идеите на ВМРО..

Дискутанти:

1. АЛИУ ХАМИД - 24
2. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР – 25, 27
3. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО – 3, 5, 9, 11, 12
4. ЛИЧОВСКИ ВЕЦКО – 14, 15
5. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 1 (води седн.)
6. МУРТЕЗАНИ АВДИ – 29, 30
7. НАУМОВ СЛАВЕ - 11
8. ПРЕВАЛА ШАБАН - 9
9. ПОПОВСКИ КИРО – 17, 19
10. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 1, 13
11. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 2
12. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 2

Седницата е прекината во 14 часот поради немање кворум и по барање на пратеничката група на ПДП

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дванаесеттото продолжение на Шеесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 декември 1993 година

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

Седницата со работа започна во 12,30 часот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почнуваме со работа.

Пратениците Митко Анастасовски, Наум Симјановски,Страшо Милковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницава.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Господинот Томислав Стефковски бара процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ го задржуваат правото на реплика по излагањето на претседателот Андов и тоа право не смее да се прескокне како што се прави овде. Штом ќе дојде претседателот Андов веднаш да се премине на точката реплика во врска со неговиот синоќешен реферат.

Од тука, нашиот предлог е да се води дискусијата така како што се предложени кандидатите за дискусија, а штом дојде претседателот Андов ќе одиме на реплика.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа. Претседателот е оправдано отсутен и нема проблеми со продолжување на седницата.

Сметам дека репликата може и сега да се оствари бидејќи тоа се однесува и за пратениците, а не е конкретно само за претседателот.

Господинот Стојков процедурално.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Појаснувањето на некои искажани мисли од оваа говорница е деловничко право на секој пратеник. Јас бев вчера спомнат од господинот Андов и согласно своите демократски принципи ќе почекам тој да дојде, да биде присутен во оваа сала и инсинуациите и подметнувањата изнесени од негова страна да ги дообјаснам на еден навистина исправен начин.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Џаферовски процедурално.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Очигледно некој има намера оваа точка да трае веројатно до Нова година или по Нова година.

Мене воопшто, како пратеник не ме интересира кој кого чека во овој Парламент. Точката има да тече така како што тече. Ако има некој да каже нешто, да објасни овде и сега може да дообјасни. Инаку, меѓу себе, во четири очи ако имаат нешто да дообјаснат, надвор од оваа сала може да се дообјаснат.

Според тоа, мислам дека е ова еклатантен пример како се врши опструкција на работата на Парламентот. Крајно неодговорно и нечесно е во врска со ова што беше кажано до сега.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа според списокот од вчера на пријавени пратеници.

За збор се јави господинот Џемаили.

Господинот Џемаили се повлекува.

Има збор господинот Горчевски Борко.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, во овие 3-4 дена колку што трае седницава слушнавме се и сешто. Слушнавме доста искажувања за оние навистина што настрадале, за идеите на Македонија и слушнавме разни опонирана против нив, односно спротивставувања.

Зошто ова го кажувам? Најискрено да кажам дека воопшто не мислев дека ќе има толку големи спротивставувања против оние кои некои животите ги дале за таа идеја за Македонија, за оние кои навистина здравјето го изгубиле по тие затвори.

Да напомнам дека ова е навистина предлог за некој закон и ќе настојувам да прочитам, односно објаснам тоа што мислам.

Овде се работи за Предлог за донесување на закон за рехабилитација и други права на лица прогонувани, затворани, осудувани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО, со Предлог на закон. Значи, да не ја лажеме повеќе јавноста дека се и сешто треба да ослободиме, односно треба да рехабилитираме. Да не ја лажеме јавноста дека треба да се рехабилитираат и тие што носеле дрога во оваа земја, не сега.

Затоа велам, треба да рехабилитираме само она што се работи во овој предлог. И, ова е предлог. Значи некој не сака ниту предлог да се донесе за ваква рехабилитација.

Зошто не сака? Има една стара народна поговорка која вели - ако некому не му се стемни, на друг нема да се раздени. Значи, некој кој се плаши од тоа некому да не му се стемни. Верувајте братско помирување,

мислам со овој закон ќе дојде до едно такво по- мирување на македонскиот народ така што веќе да не мислиме на тоа некому да му се стемни, а некому да му се раздени. Јас сфаќам дека се плашат и борците од некои изгубени привилегии. Не сите борци. Не треба да се плашат сите борци. Овде се искажа доста дека не се опфатени сите борци со привилегии или пак обратното.

Јас можам да спомнам дека и оние први што излегуваа во НОВ биле со истите идеи за самостојна Македонија, односно за ослободување и самостојна Македонија. А, после тоа со какви идеи, односно на кого се повиниле и како ги наведнале главите, тоа е нивна работа. Меѓутоа оние кои останале со тие идеи што ги замислиле, односно кај нив достојно остана разбудена националната совест и кои останале со тие идеи, тие отишле по затвори, тепани, затворани, некои на Голи оток, некои во Идризово или било каде животите ги завршиле таму. Затоа се плашат, некои од борците, некои од врвните борци,да не ги из- губат тие привилегии ако се рехабилитираат овие. Тоа значи, тоа ми беше првото, значи онаа народната - ако на некому не се стемни, некој му нема да се раздени. Се плашат прво од тоа.

Јас може, ако сака и камерата да го покаже тоа кој се плаши од тоа. (Покажува на пратениците и пред камерата фотокопирана фотографија) ја молам и камерата. Имаме некои стари борци, овде јавноста може да ги види и каков знак носат, ако може тој знак да се види каков знак носат овде и едниот од тие борци, син негов кој е и што знак носи. Па, ние овде зборувавме доста за знамето, доста зборувавме за грбот, а каков грб. и какво знаме овие односно едниот, стар борец, го покажа и камерата да го види јавноста, каков знак носи на неговите^гради. (Од присутните пратеници реакција да се каже јавно за каков знак се работи и да се именуваат личностите од фотокопираната фотографија). Можете слободно да го видите. Тоа значи “орелот” го носи,

албанскиот знак на градите негови. Зошто да се плашиме сега ние од нешто? Тој е познат за јавноста...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

(Реагира на дофрлувањата од место).

Молам без префрлувања од место.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Добро е познат на јавноста. Тоа е Крсте Црвенковски и неговиот син,денеска министер за надворешни работи.

(Дофрлање од место).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, без префрлувања од место.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Затоа, да престанеме еднаш веќе со овие напади, еднаш треба да дојде до национално помирување и да не се занимаваме повеќе со тоа дали треба да се донесе или не треба да се донесе закон. Затоа, најискрено јас верувам дека ќе се, односно ако сите работевме по национална совет за овој закон, односно за Предлогот на овој закон за донесување немаше да има никакви пречки.

Понатаму, за очистувања кои биле против и кои биле за Македонија, тоа веќе можеше да се види понатаму од разни комисии и од судовите. Но ништо не пречеше да се донесе само еден Предлог на закон. Ми се чини ништо тоа не пречеше.

Овде зборуваме и сосема за друго. Јас ќе го кажам и тоа. Во претходната точка, односно скоро со слична содржина - Предлог за донесување на закон за правата на носителите на Партизанска

споменица 1941 година на лица одликувани со Орден Народен херој и борци од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна. Свесно го нагласив ова националноослободителна.

Јас да ве запрашам, Шпанија од што се ослободуваше? Дали од некој надворешен окупатор? Јас не знам од кого се ослободуваше. Т ка значи постоеле две фракции. Едни за една идеја, други за друга идеја. А, овие што ги нарекуваме односно што биле шпански борци и што им даваме"уште поголем сјај, тие се бореле за едноумието. Јасно е дека се бореле за едноумието што до вчера го напаѓавме тоа едноумие. Сега сите велиме не чинеше едноумието и сега како ние овде можеме да кажеме дека Шпанија ќе биде толку благонаклонета кон нас и како држава си правиме штета да не признае како самостојна држава. Тоа свесно ја револтираме што уште ги спомнуваме тие шпански борци. Да ги оставиме еднаш на мира во историјата. Јас не реков ништо лошо за нив, туку ја револтираме Шпанија што тие шпански борци се бореле против овој денешен систем што е во Шпанија. Затоа треба еднаш да престанеме со тие шпански борци или да ги оставиме во историјата како што се бореле за она довчерашно едноумие што сите го напаѓаме и така да ја револтираме Шпанија што подоцна, односно го задоцнува нашето признавање.

А, да ви кажам и друго, тие што овде ги сметаме, можеби сме и прави што ги сметаме за шпански борци и им даваме толку голем сјај, но оваа денешна Шпанија, односно истата тогашната, со таа власт, таа би ги нарекла инаку. И затоа ја револтираме. Таа би ги нарекла нив легионери. А, што се легионерите - платени убијци. Затоа не треба ние да ги спомнуваме веќе нив, да ги оставиме на да не ги нарече така. Оти, тоа е нормално, штом одиш идеја да се бориш, тој другиот нема да рече најдобро за тебе. Ќе рече само оној што одиш за него да се бориш. А

Шпанија, беше внатрешна, односно внатрешна револуција во Шпанија беше. Се знае, што во Шпанија владеело.

Затоа, нема да се задржувам повеќе на тие шпански борци, напротив да ги оставиме на мира и ние сакаме нашите да не ги признаеме и да ги направиме граѓани од втора класа, што навистина за идеите на самостојна Македонија се бореле и гинеле по затвори, коскитe ги фрлале, а сега ги спомнуваме ние шпанските борци, што и штети на Македонија. Често се навраќаме и на тоа што ја нарекуваме и денеска, а тоа е голем револт за Германија што и денеска ја нарекуваме фашистичка Германија. Немојте. Ако сакаме да водиме една надворешна политика, да кроиме, да не навредуваме никого. Можеме да го навредиме само Хитлер, тогашниот фашиста кој можеби ја завел Германија, ние можеме да го напаѓаме него, а не и денешна Германија затоа што и денешна Германија ние ја револтираме, па чекаме да добиеме од неа некаква економска помош. Чекаме од неа да добиеме едно нејзино признавање. Затоа, денешниот народ можеби не е виновен и затоа ќе ве молам еднаш да престанеме со тоа.

Зборот ми беше и за борците. Никогаш не сакам да ги напаѓам сите борци и не треба да ги напаѓаме сите борци. Јас верувам има и такви борци кои денеска живеат како една социјала, толку земаат примања, а исто се бореле, можеби биле тие на првата линија што го ризикувале сопствениот живот, отколку оние што давале, се разбира, наредби односно што се криеле по дупките, по пештерите. И, тие биле борци?! Но, како? После НОБ во Франција, Де Гол врвните борци ги свикува и им вели - колку сакате да имате привилегии, односно колку треба да бидете платени, сега да донесеме одлука, да решиме. Овие го прашуваат него - ние дали се боревме за Франција или за привилегии за пари? А, некои од денешните врвни, не велам сите борци, не ги , напаѓам сите борци, оние

што живеат од социјала, него некои земаат исклучиво, ми се чини,барем сега така мене, се бореле за пари, а не за народот. Ако се бореле за народот треба таа борба и денеска да ја покажат дека се бореле за народот.

Зошто? Овде слушнав, не сум сигурен но овде слушнав дека земале некои до 3 илјади милијарди. Се изразувам во стари за поприфатливо да .биде за слушателите, за масата. Ако се тие вистински борци и биле вистински борци, три илјади милијарди, а некој дури од нив се сами за една душа ранат, па тие треба да речат една душа може да живее, но на една фамилија денеска што еднаш дневно јаде леб дај да одвојам ако не повеќе, барем две илјади милијарди. Илјада милијарди ми се доста мене, бидејќи сум сам човек. Тој може да се нарече борец, вечен борец за сопствениот народ. Инаку, може да се нарече пљачкаш на народот. Барем јас ги викам така.

Затоа еднаш веќе треба да се свестиме и националната совест кај да се разбуди, да дојде до едно национално помирување, да се донесе и таков закон и за оние борци, јас ги викам борци, нормално, макар и во мирнодобско време кои биле затворани и тепани, дури еднаш беше речено од оваа говорница, јас не сакам тој термин да го употребам - големи и мали Македонци. Никој не сте ме слушнале тоа да го речам, само беше кажано од еден од пратениците. Вели никогаш не можат да бидат поголеми Македонци оние што ги тепале и затворале Македонците отколку тепаните и затворани Македонци. Макар и да не сакав, меѓутоа кога морам го употребив. Ми се чини тој термин "големи и мали Македонци" да го отфрлиме, туку треба кај сите националната совест да се разбуди. Сите треба да бидеме Македонци. Нека ми простат и другите националности кои живеат, јас не сум против нив, јас сум против нивните права да ги имаат. Секогаш сум да имаат оние права што Меѓународната заедница ги дала,;но повеќе, се разбира ништо.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам за законот.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

Она што со меѓународните права им е дадено.

Засега толку, ако има потреба од реплика или нешто, ќе се јавам.

**ЏЕЛДЦИН МУРАТИ:**

Добро е да се задржиме на законот. Процедурално господинот Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, јас предлагам со оглед на тоа што досегашната расправа се покажа непродуктивна, дури би рекол и се злоупотребува, да се прекине расправата по оваа точка. Евентуално, да се усвои еден заклучок предложениот текст да се доработи во смисла на тоа како што беше предложено и веројатно со помош на Владата, а ние да одиме понатаму да работиме.

Второ, по однос на овој обид за злоупотреба на една слика од свеченост по повод националниот празник на Албанија, сликите на господата Црвенковски што тука беа изложени, треба да се каже дека е тоа чиста злоупотреба на една свеченост на која се присуствуваше со покана и најзлонамерно нешто што може да се направи против господата Крсте Црвенковски и неговиот син Стево Црвенковски.

Сметам дека треба да се каже јасно и децидно дека станува збор за слика по повод присуството на свеченоста по повод Денот на

ослободувањето на Албанија и Денот на националното знаме на Албанија, организирано од Дипломатското претставништво во Скопје. На таа свеченост беа присутни и други високи раководители од Република Македонија. Бевме присутни сите ние и бевме почестени со тоа што ни беше ставен на реверот знакот на албанското знаме. Нешто што мислам дека се практикува во целиот свет. Веројатно дека и наши претставници во Албанија, во дадена прилика кога ќе организираат таква свеченост, веројатно такви знакови знамето на Македонија, веројатно ќе се стави на реверот на раководители од Албанија и од тоа не треба да се прави проблем.

Според тоа, мислам дека ова, овој обид што се направи со ова ги преминува сите граници и мислам дека е беспредметна, непродуктивна и би рекол штетна расправата по овој текст. Молам расправата да се заклучи по овој текст и да се оди на наредната точка, да работиме како што треба.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ова не беше процедурална забелешка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господинот Славе Наумов.

Ве молам, господине Славе стрпете се, господинот Горчевски бара реплика.

**БОРКО ГОРЧЕВСКИ:**

По име не бев спомнат, но се знае дека се работи за мене. Јас му благодарам на искажувањето на господинот Шабан Превала, а Македонија има сопствено знаме. Било какви прослави државни или било какви кај нас треба да го носат македонското знаме. Јас разбирам никогаш не ми било криво кога некој се декларира по она што е националност. И никогаш тоа не го негирам. Туку, ова е држава Македонија и сите знаменитости што се пропиашни со закон односно донесени со Устав на секаква свеченост, ако сакале тие иако треба да се покажат такви знаменитости, треба да биде македонското, а не албанското. Овде е веќе прикажано албанскиот грб. Јас убаво нагласив и кој го носи. Не сакав дури и името да го кажам кој инсистира, но народот не е слеп. Јавноста гледа кој го носи тоа знаме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Славе Наумов.

**СЛАВЕ НАУМОВ:**

Мислам дека она што го направи пратеникот Борко Горчески од Прилеп е елементарно подметнување на одредени работи и непознавање на одредени работи кога се во контекст кога се во контекст дипломатски односи меѓу држави.

II/2.-

Исто и јас бев на таа прослава по повод Денот на ослободувањето на Република Албанија 28 ноември и мене ми беше исто на реверот закачено односно залепена налепница со знамето на Република Албанија, предавници се они кои не мислат каде седат. По тој повод сакам да кажам дека утре ако бидам поканет и од бугарскиот и од американскиот или кој и да е конзул или дипломат истото би го ставил на својот ревер. Затоа што присуството на такви прослави се смета за екстериторијалност, тоа значи дека како да се наоѓаме на територијата на таа држава. А не е случајно некој што не поканил таму, независно дали сум јас или некој друг. Треба многу да се мисли кога се зборуваат такви работи. Затоа што ако одам во Албанија и ако нашите прават прослава, ако е тоа во процедурата или во протоколот на државата која тоа го приредува , можеби и нашите претставници таму ќе го подаруваат тоа. Апсолутно тоа не треба ништо да значи. Затоа што јас исто така сакам да го носам американското знаме на реверот, меѓутоа, ако поканат и ако ми го стават јас нема да го извадам и да го искинат Навистина, нема смисла вакви работи да се зборуваат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Горчевски има право да бара реплика, а госпоѓата Доста нема право да ми наредува кој ќе бара реплика.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Ова е една мала реплика на претходниот говорник дека

ресторанот Кале, оваа снимка каде што е направена, не се наоѓа во Албанија. Се наоѓа во Скопје. Затоа, претходниот говорник, она што сакаше да го каже ми се чини дека никакво место не држеше и никаков ефект не постигна. Ние сме биле на прослави од разни земји или држави Не само јас, туку и други, но не сме закачиле туѓо знаме никогаш.

II/3.-

Ние сме го носеле само сопственото знаме. Оној кој што сака да носи туѓо знаме, тоа е негова волја , тоа е она што сака да покаже пред народот колку сака и што сака да биде.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, господинот Превала имаше предлог да се прекине со расправата. Бидејќи имаме пријавени^дискутанти, расправата тече, па ќе заклучиме кога ќе завршиме.

Збор има господинот Личовски.

Молам, деловнички господинот Стефковски сака да каже нешто.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, го користам правото, сепак, како координатор да укажам на една работа. нашиот дискутант Борко во основа искажа едно мислење, кое во основаа се доведува на следното. Имено, основната поента на неговото излагање и покажувањето на овие слики со албанското знаме, тоа се вообичаени ситуации кога одредени странски држави приредуваат одредени свечености по повод свои годишнини и сл. Никого да не не чуди ако утре некој може да носи и американско знаме итн.

Основната поента беше што бара Крсте Црвенковски таму, во кое својство.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Тоа друг пат и по друг повод.

Продолжуваме со расправата.

Господинот Личовски.

II/4.-

**ВЕЦКО ЛИЧОВСКИ:**

Господа пратеници, ако треба да зборувам сам за себе, тогаш нема потреба да станам на говорница. Јас мислам прилично, ова е веќе пети ден слушам една добра историја овде од оваа говорница, која што е, не се зафаќам јас за историјата, една добра историја, која што историја ја искажуваа пратениците на онаков начин каков што тие ја учеле ја знаеле итн. Меѓутоа, јас би се задржал на неколку работи, ние првиот ден, односно на точката 19 од дневниот ред донесовме еден закон кој се викаме Предлог за донесување на закон за правата на носи- телите на Партизанска споменица од 1941 година на лицата од шпанската-национално ослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година, со Предлог на закон. Тој закон го донесовме како и што го донесовме. Меѓутоа, сега веќе кога зборува за закон за рехабилитација на оние борци, кој што биле самостојна, суверена држава, ние се зафативме со историски докажувања, со историски факти дали тие борци вакви или онакви и дали треба на еден ваков или онаков начин да се рехабилитираат. Јас би се задржал на една друга историја, која што за нас е многу важна.

Прво, кога почна македонското училиште да учи тоа беше веднаш после ослободувањето, ние во училиштата учевме неколку истории и тоа, прво, се учеше старата историја каде што се изучуваше древната историја. Втората беше средна историја каде што се учеше времето на средниот век.

Понатаму , имаше историја на Н^СУИОТ век и на крајот беше нов кој што преокупирани од тој нов се дискутираше и се кажуваше на многу одреден и перфиден начин за да се заборават овие истории претходни и да се помине на тој нов. Јас колку што се сеќавам во времето на НОВ беше историја која што исклучиво беа тие кажувани офанзиви од еден до

сто еден таму незнам колку беа, меѓутоа, се воспоставуваа историјата на македонскиот народ. Иритиран од тоа нешто на, во петокот во емисијата без наслов но со повод, господинот Црвенковски Крсте многу убаво .1 јасно кажа и рече: дека до 1943 година ние немавме воопшто спомен за Југославија.

**ЏЕЛАДНН МУРАТИ:**

Господине Личовски зборувајте за законот. Не за Црвенковски, за емисиите на телевизијата и на радио.

**ВЕЦКО ЛНЧОВСКИ:**

Ве молам, јас сакам да дискутирам, како што и другите дискутираа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Личностите не се предмет за предмет на расправа денес.

**ВЕЦКО ЛНЧОВСКИ:**

Јас мислам дека овде истории имаше многу кажано, па да кажам и јас некоја историја.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Точно е тоа дека многу беше кажано и што беше кажано се знае, да не ги коментираме емисиите на телевизијата.

**ВЕЦКО ЛНЧОВСКИ:**

Не емисиите, само да кажам неколку работи. За законот ќе кажам, ништо друго не кажувам. Ако сметате дека треба да ме прекинете, тоа е друго прашање. Во тој случај јас 5 дена слушав историја, докажувања вакви, онакви факти и на никого не му се промешавте, а мислам дека н мене не треба да ми се мешате во мојата историја јас што ја познавам.

II/6.-

Што се однесува до 1943 година во нашата борба, која што ја водеше македонскиот народ, кој што беше некаде, што викаме 60 илјади борци каде што ги пееја своите песни. На пример песните Во борба, во борба македонски народе, и Изгреј зора на слободата, денес над Македонија се раѓа, Караорман славеј и ред други такви песни ги пееа од тој крај каде што сум. Тие песни се пееа се до 1943 година. Меѓутоа, после 1943 година почнува да се раздвојува македонскиот народ Кога почна да се раздвојува македонскиот народ? Македонскиот народ почна да се раздвојува 1943 година кога господинот Темпо^ Радосављевиќ и нивните истомисленици дојдоа во Македонија и почнаа да го двојат тој македонски народ. Почна да се двои и почнаа да одат луѓето по затворите каде што почнаа да ги затвораат оние кои што беа доследни за самостојна и суверена Република Македонија, тогашна Македонија, Не можам да сфатам и не ми е се уште јасно како може од времето на 1943 година па до денешниот ден каде што имало ВМРО неколку реформи , Информбиро, колективизација и ред други писма испратени од Јосип Броз останале се уште на власт луѓе кои што и денеска ја водат оваа Македонија. Меѓутоа, не можам и тоа да го преболам, а да не го кажам. Кога во времето од 1943 година, па до вчера така речено почнуваат да се затвораат оние македонци, кои што имаа една своја одредена идеа. Јас ќе кажам зошто сум за донесување на овој закон, кој што треба да ги рехабилитираме овие борци, кои и какви се маки претрпеле. Оние. што беа затворани, тоа и ден денеска имаме луѓе кои што тврдат и кои што кажуваат и лично јас ги имам слушано. Биле ставани во каци, каде што пијавици им се ставале да им ја пијат крвта и да кажат дека ние не сме ова што сме, туку сме нешто друго. Ќе ме извините и на израз, имало случаи каде што на половите органи им обесувале тули и по два саата да гледаат во двеставатна сијалица за да ја кажат односно да се откажат од она што им е дадено. Имаме случаеви

каде што на пример, со Попот Паун, да не ги именувам сега луѓето кои биле еднииот качен на него, а другиот со камшик го терал. Имаме случаеви затворани и обесувани во клозетите со муцките над клозетот за да можат да признаат односно да се откажат од својата битност. Имаме случаеви каде што имаме убивано луѓе нечесни после ослободувањето, на пример, Ленче Чесноска и ред други за да ги прикријат сите оние нечесности кои што ги имале. Ако сето ова го анализираме и донесеме свои заклучок, во тој случај можеме да речеме дека овие луѓе се бореле за битноста на Македонија. Зарем овие луѓе, кои што денеска се сеуште живи, зарем оној човек што му има исткаено во Идризово еден најголем тепих му е однесен и ден денес жив функционер. Каде што и ден денеска цапа по тој тепих. Зар нему да не му признаваме односно зарем у треба да кажеме не си ти достоен и не си се борел за оваа Македонија.

Според тоа, јас сметам дека законот кој што е предложен ние можеме да го донесеме онака како што господинот Петров уште од првиот ден го кажа да донесеме ние закон, односно Предлог за донесување на закон , а законот не сум против да настане прочистување, било тоа да е од предлагачите, било тоа да е од Владата, но ваква борба која што ја водиме ние пет дена и ја докажуваме историјата, тоа значи дека ние се спротивставуваме на ваквата работа односно на ваквите луѓе кои што до денеска и денеска живеат во оваа држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господинот Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, не можам уште на почетокот да го изразам својот револт за ваков несериозен однос кој се пројавува во завршниот дел на оваа расправа по така

значајна тема која задира во угледот, честа и достоинството на многу граѓани во нашава држава и која е од исклучително значење за потврдување на овој наш систем, за кој јасно се определивме.

Бидејќи предмет на расправа е токму ваква тема, пред да ги изнесам оценките и определбите на пратеничката група на Социјалистичката партија, дозволете и јас да го искажам своето мислење, досегашниот тек на расправата и за вкупната атмосфера што е присутна во Собранието, меѓутоа и надвор од него.

Имено, наша оценка е дека позицијата и опозицијата и овој пат ја демонстрираа својата спротивставеност околу прашање што во цивилизирани општества, пред се, се проверува низ научна-  историска верификација и се утврдува низ соодветен правен акт. Наместо стручно видување на овој проблем во кој мора да се направат многу дикстинции и разграничувања, се слушаа политички флоскули од вербалната демократија и историски лекции кои многу луѓе повредија. Дури ги повредија и тие за кој е наменет и самиот закон.

Всушност, се потврди како и повеќе пати досега дека секогаш кога во расправата се присутни силно изразени емоции и револти, или кога се води исклучиво или претежно во тесно партиски рамки и за дневно политички цели, не може да се обезбеди објективна и деморкатска атмосфера дијалог за реално проценување на конкретните факти и донесување на правилна одлука.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Претпоставувам дека нема потреба да се аргументираат ваквите оценки, бидејќи сите сме сведоци на одделни искажувања кои одеа до таква крајност што го доведуваа во прашање, па би рекол го омаловажвуаа и оспоруваа и нашето историско минато и НОБ на македонскиот народ и народностите за создавање на сопствена македонска држава, историските одлуки на АСНОМ, како историски континуитет на вековната борба на македонскиот народ и со кои за прв пат во поновата -своја историја македонскиот народ заедно со народностите ги удри темелите на Македонската државност. Со други зборови, таков парадокс поединци низ поедини дискусии , поедини дискутанти залагајќи се за идејата за политичка рехабилитација на сите лица кои биле осудувани и прогонувани за самобитноста на македонскиот народ и самостојна македонска држава која има длабока, хумана, човечка и демократска содржина која не претставува само морална и политичка обврска, туку и јасна уставна определба, едновремено вршеа директен атак, пресудуваа и политички дисквалификуваа истакнати личности, борци и народни херои од нашето сопствено историско минато. Како да не можеме да извлечеме поука од нашата сопствена историја. Исправањето на една грешка и неправда како да сакаме да го направиме со нејзиното повторување денеска.

Морам да ви кажам, вчера ме посети човек со тежина на својата судбина како дамнешен осуденик за самобитноста на македонската држава. Тој дојде и едноставно го изрази својот став :"со овој закон ни правите нова неправда. Не сакам да бидам рехабилитирам со оние кои беа осудувани како Ванчо Михајловисти".

Исто така деновиве бев сведок на еден сличен настан во еден град во републиката каде случајно присуствував на посебна свеченост, кога еден човек пред преполна сала извикуваше: "јас сум за Македонија, јас сум за демократија, јас сум бил затворен 12 години за Македонија, за

демократија ", и беше прифатен од присутните, за да истиот ден во сличен амбиент во центарот на градот друг извикуваше: "Јас сум за голема Бугарија",заедно со бројни навреди . Никој од присутните не го прифати. Овој осаменик очигледно демократијата ја сфатил како можност за рушење на државата. Затоа си поставувам прашање. Која дистинкција би ја направиле овие поединци. Без неа секој закон е наша грешка , лесно ќе ги охрабри оние поединци кои дури и денес сметаат дека сме македонци - бугари и го сонуваат сонот на голема Бугарија или македонци Срби и го сонуваат сонот на голема Србија, или сонот за голема Албанија. Затоа ни еден закон не смее од било кој аспект да биде во колизија со темелните вредности на нашата историја, ниту да отвори најмал простор за ретроградни процеси во нашето национално битие. Ако се согласуваме со ова, јас сум убеден дека можеме да се доближиме до заеднички договор одговарајќи,пред се,на следните прашања:

Прво, дали некој од нас, било кој од нас, верува во држава без традиции? Дали има земја било која, што ја прифаќа историјата во своја штета? Не може да има сомнение дека нашата држава има традиција и таа припаѓа на сите, и должност е сите да ја чуваат.

Според тоа, која бесмисленост е да не се почитува НОБ како наша епопеја, борба против фашизмот, борба за национално ослободување и самобитност на македонската држава. Борците мора да имаат историско место, бидејќи се дел од нашата славна традиција во која учествувал и ја поддржувал целиот народ. Бесмислено е да се каже дека нивните идеали се блиски на едни партии, а на други не, бидејќи нив ги поддржувал народот. Бесмислено е да кажеме дека едни се борат за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, а други не, бидејќи и тие се дел од нашата традиција, припаѓаат на народот, на сите партии и нема потреба никој да се промовира како единствен застапник. Не може сите, а да не го прифатиме значењето

на АСНОМ за самобитноста на македонската држава, бидејќи и АСНОМ е дел од нашата традиција. И ништо да не омаловажуваме и потценуваме, бидејќи нашата држава нема плитки корени. Цивилизираните земји од споменици прават историски култови, а ние од епопеи , сомнителни историски настани. Претпоставувам дека сите ќе се согласите дека традицијата на нашата држава мора да се чува од сите, без разлика на партиската припадност.

Второ, дали било кој од нас не сака слободна, демократска и правна држава? Сите имаме иста цел, да се исправат грешките и заблудите од минатото. Затоа мислам и од опозицијата јасно треба да се даде дека чукаат на отворена врата. Првиот темелен чекор е веќе направен со Уставот со решението во членот 36. Затоа морам да обрнам внимание дека со овој член, по мое мислење, фактички е извршена политчка рехабилитација на сите лица кои биле прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Во него тие лица се изедначени со учесниците на антифашистичката војна и НОВ на Македонија и за сите нив се утврдени единствени посебни социјални права, кои според уставот треба да се уредат со закон.

Според тоа за жал, се уште е останата обврската за целосна операционализација на оваа уставна одредба со донесувањето на потребната законска регулатива. Велам целосна затоа што дел од оваа обврска е веќе вградена во предложениот закон кој е предмет на донесување и на денешната седница на Собранието.

Нема сомневање дека дека оваа уставна определба проблемот го поставува генерално за сите оние на кои им е нанесена неправда иако биле македонски патриоти и се бореле за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Затоа, надвор од контекстот за суштината и од судбината на овие луѓе е политизација на овие идеи низ партиски диоптри, бидејќи едноставно никој од нас не може да биде

застапувач не може да ги застапува како партиска грижа или особеност ниту пак како такви би можеле да бидат посебна содржина од предложениот закон.

Меѓутоа, со овие правни акти мора да се направи разграничување динстинкција меѓу различните случаеви и заради историскиот контекст по револуцијата , заради националната самобитност на еден самостоен народ, но и заради сегашната политичка стабилност. Не смее новиот правен акт да има никаква можност за охрабрување на било кој поединец со некои дамнешни и сегашни сонови на одделни соседи.

Не може да оставиме простор за било какви други сонови за шпекулации и манипулации со минатото. Сите грешки и заблуди што сакаме да ги исправиме се настанати во еден одделен историски контекст во меѓупростор и во услови на политичка окупација, во аспирации да не припојат и целосно изгубат на тло со крвави траги од минатото, со товарот на вековното ропство и разединетост во три држави.

Во тој историски контекст било битно да се извојува нациналната слобода за Македонија, да се избориме за свое небо, и да раскинеме со туѓите својатали на нашиот народ. Од денешен аспект полесно може да се види во овој ослободителен грч кои грешки се направени и да најдеме начин да се исправат, но тоа никако не значи, ќе повторам, отворање простор за непријатели кои денеска ги омаловажуваат придобивките на НОВ, АСНОМ и изградбата на македонската држава.

Во Предлог законот што е на расправа нивното историско значење е јасно акцентирано и вреднувано. Инаку, морам да кажам не затоа што јас лично не прифаќам туку, затоа што реално би била тоа нова историска заблуда тврдењето дека во СФРЈ македонскиот народ национално се изобликувал, хегемонистички асимилирал и државно дерогирал на ниво на србославска творба. Македонија како држава беше самостојна и суверена држава во рамките на СФРЈ.

III/5

Трето, ако можеме да се согласиме со овие основни оценки и приоди , ценам дека е можен договор помеѓу позицијата и опозицијата. Да бидам експлицитен. Тој можен договор го гледам низ следните неколку основни заклучоци кои ова Собрание би требало да ги донесе.

Поддржувајќи ја иницијативата и расправата, како позитивен чекор во активирањето за решавањето да ја поддржиме иницијативата и дел од расправата која беше во функција за позитивно решавање на овој проблем. Но, не спорен е фактот дека предложениот закон ниту по форма ниту по содржина не го решава овој проблем и затоа е неприфатлив.

Второ, предлагам Собранието да прифати дека со Уставот веќе е остварена политичка рехабилитација на сите лица кои биле прогонувани и затворани за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност. Според тоа, нема потреба од донесување на било какви декларации кои всушност по својот карактер не можат да го обезбедат тоа.

Трето, Собранието да донесе дециден заклучок со кој ќе ја обврзе Владата за итно операционализирање на уставното решение во членот 36. По мое мислење тоа може да се оствари на два начина:

Прво, преку дообликување на предложениот закон кој е веќе на дневен ред на оваа седница и кој регулира дел од посебните социјални права на овие граѓани и донесување на други соодветни прописи со кои би се регулирале останатите посебни социјални права и овие граѓани. Ова решение претпоставува јасно утврдени критериуми во овие прописи за корисниците на овие права.

Или второ, предлог или можно решение донесување на посебен правен акт со кој би се регулирале само критериумите, а врз основа на него како и Уставот би се донеле исто така и назначените правни

прописи со кои би се регулирале посебните социјални права кои им припаѓаат на овие лица. Овие акти би можеле да имаат карактер на политичка рехабилитација, иако сметам дека тоа е повторување со веќе изречената уставна определба.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Хамид Алиу.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници, ценето Претседателство, Во овие три дена односно денеска е четвртиот ден сум почестен да присуствувам на час по историја, а не на седница на Собранието, практично сосема малку слушнав нешто научно или историјата, а повеќе рекла казала просто речено кафански муабети.

Не е срамото некои работи да не ги знаеш, но посрамно е за истата работа да имаш два аршина. Народот вели за едното ме пече, а за другото ме боли. Целиот отров се растура од говорницата за "баликомбтар" што практично за некои господа поедноставно да кажат балистите. За да зборуваме за албанската историја или за балистите треба , вели народот, најмалку два ормана книги да се читаат.

Јас еднаш од оваа говорница реков едно правило на римското право на латински, а денеска ќе го кажам на македонски јазик, затоа што изгледа не бев разбран, а тоа гласи:"Кондураџија,подалеку од кондурите,немој да одиш".

Против законот ќе гласам оти не сум за ваков закон. Го ценам почитуваниот колега што го предложил овој закон, но жал ми е што професионално бега од својата професија, повеќе се бави со историја и со правни работи.

Нема да гласам за законот од следните причини. Затоа што во овој закон не се застапени сите народи кои живеат во оваа држава. Лично не сакам да зборувам за албанците колку се убиени, колку се диференцирани , колау се прогонувани, затоа што сами господа сте сведоци во оваа сала и тоа не далеку во 1981 година, колку албанци се диференцирани и колку во оваа демократска држава и ден денеска се без работа и уште не можат да го добијат своето право. Затоа сум за закон што треба да го предложи Владата и тоа да биде единствен закон за сите граѓани на оваа држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Демократски ориентираната македонска јавност е вознемирена од она што се случува во Парламентот и од она што можеше да се слушне во расправата која сеуште продолжува. Само по себе се наметнува прашањето дали може повторно во Македонија да се повторат монструозните масовни монтирани процеси на кои на голем број македонци им е судено за нивното македонско национално чувство и за нивните политички ставови. Дали сеуште има луѓе способни да се стават во таква валкана улога, дали има политички организации кои тоа можат да го покренат?

За жал, мора да се респектира подготвеноста на СДСМ, политичкиот наследите на комунистичката партија, како организирана политичка сила и особено способноста која просто фасцинира на нејзиното политичко раководство да ги надминат своите претходници.

Оваа политичка креатура која за својата програмска ориентација самата си го додава атрибутот на Европски ориентирана како и поголемиот дел од партиската олигархија која е претставена од бедни креатури на самонаречени демократи и претставници на граѓанското

општество до колку ги потцениме можат да предизвикаат вистински хаос и да го постигнат во негативна смисла и она што не може да го оствари нашето опкружување.

"Демократите" од оваа самонаречена социјалдемократска ориентација сеуште донесуваат пресуди овој пат во нивното партиско гласило за оние кои не мислат како нив, служејќи се при тоа со нај-гнасни лаги, инсинуации и конструкции. Содржината и формата на таквите дискредитации во ништо не се разликува од образложенијата на пресудите кои нивните претходници ги изрекувале во масовните процеси за кои денес би рекол безнадежно расправаме.

Господа пратеници,

Сакам уште еднаш да потсетам на значењето на прогласот на АСНОМ, кога една идеолошки неподелена генерација автентично ја претставувала идејата за самостојна македонска држава за обединување на Македонија, идејата на ВМРО.

Од таму произлегува дека НОВ е континуитет на ВМРО.

Надвор од секакви сомненија е дека по својот карактер е национално ослободителна, додека идеолошката димензија сеуште објективно не е утврдена. Да потсетам, на пример, дека Владимир Бакари преку ТВ медиумот ја демантира наводната улога на комунистите во 27- мартовските демонстрации 1941 година, односно призна дека зад организацијата стоеле одделни западни служби. Тоа ја допушта можноста к мунистите подоцна да конструирале и други лаги или како ќе ја оценуваме идеолошки НОВ во една друга операционализација на договорот од ЈАЛТА? Како и да е ...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дајте да се навратиме на законот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Како и да е во изминатите 50 години дојде до застој на остварувањето на идејата за самостојна македонска држава и имавме држава со ограничен суверенитет.

Фактите укажуваат дека во одделни периоди федерална Македонија по директива на Белград или автономно, применувала масовни репресии заради македонското национално чувство и политичките ставови на голем број македонци. Ова прашање по своите димензии го надминува сето она што е во доменот на индивидуалните граѓански права и слободи, меѓу кои е и правото на праведност кое произлегува од вистината, а кое вообичаено се остварува преку индивидуално барање. Оттаму и потребата РМ да изгради став спрема ова прашање од историското минато на македонскиот народ.

Како што е познато македонската левица во паничен страв без рационални аргументи се спротивставува на поднесената иницијатива од групата независни пратеници.

Вистинскиот мотив на ваквото однесување не се ставовите на македонската левица спрема минатото, туку конкретниот интерес во сегашноста и желбата за политичко позиционирање за време на изборната агитација. Македонската левица настојува да ја осуети иницијативата на политичките партии со името ВМРО заради стравот дека некој од нив одделно или како коалиција на наредните избори повторно ќе ја добијат довербата на поголемиот дел од македонскиот народ.

Спротивставувањето, пред се, е мотивирано од желбата да се обезбеди контролирана и безбедна економска трансформација односно во основа една длабока потреба на оние кои го предводеа и претставуваа системот во изминатите 50 години да ги одбранат таквите позиции без никакво оспорување што претпоставува и оневозможување на било каква иницијатива на политичкиот противник. Тие што извршија

грабеж во 1945 и повторно сега во 1993 година, сакаат да се претстават како претставници на граѓанското општество и предводници на капиталот. Македонската левица транзицијата ја сфати како идеална можност за подобрување и зачувување на материјалната и статусна привилегија по цена на уривање на материјалната основа на РМ.

Можеме да претпоставиме што ќе се случи со финансиската помош од Европската заедница и со средствата од добиените кредити, за што ќе бидат искористени и колку од тие средства ќе завршат на приватни сметки во разни странски банки.

Имаме сознанија дека во контактите со странски влади државната администрација најдиректно политичките партии со името ВМРО ги претставува како терористички. Таквата кооперативност на државното раководство, за жал го оневозможува развојот на политичката опозиција. Тоа е и причината зошто Претседателот на Републиката ниту во најкритичните моменти во процесот на меѓународното признавање не повика на национален консензус.

На крај сакам да се оградам од се она што поради незнаење и свесна намера е искажано од страна на опозицијата или како импутирање од страна на позицијата, а што може да се сведе на оставање можност за рехабилитација на бугарскиот врховизам или било кој друг како на пример српскиот во контекст на некои изнесени ставови.

IV/1 РД/СЛ

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа пратеници,

Веќе петтиот ден расправаме за поднесениот предлог за донесување на закон за рехабилитација и други права на лицата прогонувани, затворани и осудувани за идеите за самобитноста на македонскиот народ и неговата државност и за идеите на ВМРО.

Уште на почетокот на дискусијата, сакам да им изразам благодарност на сите историчари, историчари во наводници, што успеаа и кај мене да извршат притисок и јас да станам историчар, иако не сум. Тоа е едно, второ, жалам за ова што се случува во ова Собрание, за што се потврдува и фактот што на минатата седница реков дека ова Собрание и оваа Влада не се на висина со нивната со Устав утврдена задача, односно права и обврски. Врз база на ова можам да го извлечам следниот заклучок:

Зошто Собранието, односно коалицијата кога има мнозинство дозволи да се постави ваква точка на дневен ред и да губиме толку денови и на крајот да ги малтретираме, уште еднаш да ги осудуваме лицата кои навистина не заслужуваат да ги осудуваме. Секако на висина на вакви дискусии тие лица да се живи не би сакале не би са- кале да ги рехабилитираме на ваков начин.

Према мене, колку јас ја знам таа историја комунистичка, во комунистичкиот период, за што тогаш се родив, а не сум крив што се родив тогаш, сум учел дека ВМРО е формирана 189 3 година и после тоа сум учел дека во редовите на вистинската ВМРО која се борела за интересите на моите колеги Македонци, се вмешала пробугарската ВМРО, како ние што сме учеле и тогаш наместо востанието да се припреми, не било толку добро припремено, е објавена војна на Турската

империја и е добиена Крушевската Република. Само толку и повеќе не знам, ниту сакам да знам сега поради тоа што и вие не знаете, од- носно не кажувате што треба да знаете, односно што знаете и сте субјективни. Према тоа, ако е така тогаш во овие редови, во онаа Крушевска Република, во онаа држава учествувале и Албанците, Власите и Турците и други кога било формирано тоа Собрание и таа Влада и објективно_сме заедно. Доаѓаме понатаму. 1941 година .

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За законот г-дине Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Било покренато востание против ропството и фактички доаѓаме до ослободување 1945 година. И овде Албанците ги имаме. Од 1941-1945 година, односно заедно со Македонците и со сите други кои живееле овде. Сите се бореле за тие идеали. Меѓутоа, кога веќе ние на оваа седница го изгласавме законот за правата на борците, тогаш требаше да водиме сметка и за овие борци кои доаѓаат. Тогаш ние не водевме сметка ги прогласивме и во овој период Албанците не биле уживатели на таква пензија, ниту можеле, поради тоа што биле спречени. Фактички сметам дека за оваа точка, за овој предлог нема да гласам, поради тоа што сметам дека пред донесување на овој закон, ова Собрание не може ваков закон да донесе од причини прво историчарите преку Академијата треба да утврдат и треба прво да се утврди од каде почнува историјата. Дали историјата почнува од тогаш, дали од античката, дали од словенската, од кога се доселиле Словените, дали после ослободувањето кога ми се чини академикот Блаже Ристевски еднаш рече и за тоа, отиде од Владата, односно даде оставка, дека за време на комунизмот Македонија надвор беше позната само за една југословенска покраина. Мене ми се чини дека приближно вака тој се изрази и дека

во меѓународните договори Тито и компанијата воделе сметка никогаш ни еден Македонец да не биде министер за надворешни работи и дека со Грција, Бугарија и Албанија да нема претставници на овие народи, односно да не се шират и да се унапредуваат овие односи, туку да останат вака како што заостанале. Према тоа сега и јас се прашувам и се двоумам од каде ни почнува историјата. Некогаш велиме дека сега градиме држава суверена, самостојна, демократска, социјална, а од друга страна секој по свој аршин кога му е потребно и за политички маркетинг некој излегува и кажува дека датира од античката историја, некој од 6-тиот век, некој од 1941 година и некој дури од сега. Сега ние како Собрание треба да се одлучиме исто да прифатиме.. Велиме од ена страна дека. сме национална држава, велите дека оваа Македонија им припаѓа само на Македонците и градиме национална држава, некои вели факт е , а јас му велам дека не е факт, поради тоа што во Уставот, во главните одредби се вели дека Македонија е граѓанска држава. И према тоа таа не е национална држава туку е граѓанска и вие грлато се борите, а по Уставот е така. Фактички само ве лажат. Од друга страна што ние Албанците се залагаме за граѓанска држава, ние се согласуваме со тоа што некои одредби таму кои се дискриминаторски тие со текот на времето ќе исчезнат и фактички до реализација на нашите права ќе дојдеме. Према тоа, за конкретниот случај прво колеги сметам дека институциите надлежни треба да одлучат и да утврдат од каде почнува историјата, прво, и второ, да видиме за кои луѓе треба да следи рехабилитација. Зошто? За донесување на ваква одлука ние и да сакаме не ќе можеме. Не ќе можеме истите да ги ставиме во ист кош. Дали може Лазар Мојсов да се стави во еден кош со Ченто и другите. А Лазар Мојсов ви бил претседател на Претседателството. И други, и трети и четврти.

Према тоа, прво за вашиот дел од историјата треба вие да си одлучите. А за заедничкиот дел ќе треба заедно да с» одлучиме. Према тоа, ми се чини дека би можело ни еден правен институт во сегашниот кривичен закон што Република Македонија уште го користи од СФРЈ не може ни да користиме, нити амнестија, нити ниеден правен институт. Фактички ниту со промените кои не сме ги извршиле во правосудниот систем, ние имаме комунистичко судство и кои ќе донесе одлуки за рехабилитација на ваквите луѓе. Према тоа, без изменување на судскиот систем, ние не ќе можеме тоа да го правиме. Велам дека предлогот за рехабилитација на сите осудени лица би требало да гласи, на сите осудени лица од едноумието за кривични политички дела, кои предлог би требало да биде поднесен од страна на претседателот на Републиката, а да го обработи Владата на Република Македонија и да го донесе ова Собрание. Зошто? Каде се грешките на Владата? Владата се произнесува. Ние за точки на дневен ред имаме две точки. И овој закон предложен и ги имаме декларациите. Сега ние не можеме и не е праведно да расправаме, односно, Владата за декларацијата поднесена од социјал-демократскиот сојуз позитивно, може да се произнесе, односно против предлог - декларацијата на пратеничката група на ВМРО негативно да се произнесе. А се работи можеби за ист мотив, за иста работа но со друга содржина. Содржините може да се усогласат. Према тоа, сметам дека ние губиме време и ќе губиме нерви и време и ќе се навредуваме помеѓу себе колку сакаме, меѓутоа, до донесување на ваков закон, барем овој состав на овој парламент не ќе може да го донесе.

**ЏЕЈТАДИН МУРАТИ :**

Прво нема кворум, а второ сум замолен од пратеничката група од Партијата за демократски просперитет во 14,00 часот да се прекине со седницата бидејќи истата таа пратеничка група има седница со одговорни луѓе. Предлагам да прекинеме со работа, а утре во 10,00 часот продолжуваме со точката од дневниот ред.

(Седницата прекина во 14,00 часот).